РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
Бр. 32-72/1
12 .01.2026 година
Скопје, ,,Даме Груев" бр.4 тел. 3295-600
Поштенски фах 506, телефакс 3111-336

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/19), Државниот завод за статистика со седиште на ул.„Даме Груев" бр.4 во Скопје, со ЕМБС 4066588 и ЕДБ 4030997269943 претставуван од директорот д-р Дејан Станков, тел.02/3295-600, факс: 3111 336, е-пошта: info@stat.gov.mk, Кристина Рочевска го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2025 до 31.12.2025)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации:
- Кристина Рочевска, Раководител на Одделение за правни работи и официјална статистика во Сектор за поддршка на работењето на директорот, тел. 02/3295-671, kristina.rocevska@stat.gov.mk
- Ана Антоновска, Виш соработник за јавни набавки, Одделение за јавни набавки и општи работи во Сектор за поддршка на работењето на директорот, тел.02/3295-678, ana.antonovska@stat.gov.mk

2. Број на примени барања: 5

1.

1. Број на избрани и именувани лица и јавни службеници во вашата институција до ден 31.12.2024 година

2. Вкупен износ на исплатени надоместоци и други примања на избрани и именувани лица во институцијата во периодот од 1 јули 2024 до 31.12.2024 година од буџетски средства согласно Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и другите избрани и именувани лица

3. Број на вработени кои оствариле право на варијабилен дел од плата во периодот од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година

4. Вкупен износ на исплатениот варијабилен дел од плата на вработените во периодот од 01.07. 2024 година до 31.12 2024 година

5. Вкупен износ на исплатени средства за прекувремена работа на вработените во периодот од 01.07.2024 до 31.12.2024 година

6.Број на вработени кои биле пријавени во Државниот инспекторат за труд за извршување прекувремена работа во периодот од 01.07.2024 година до 31.12.2024 година, согласно со Законот за работни односи

7. Вкупен износ на исплатени средства за неискористен одмор на вработените во периодот од 1 јули 2024 до 31.12.2024 година, согласно со Законот за работни односи

8. Вкупен број на вработени што се дел од синдикатот/ите и на кои им се задржува дел од плата за синдикална членарина и износ на задржаниот дел на ниво на институција на годишно ниво;

2. Податоци од Попис на населението, 2021 година;
3. Листа на статистички податоци кои ДЗС ги доставува до Евростат, со информации за која година последно е достапен податокот и временскиот интервал на кој се прибира;
4. Документи од постапка за јавна набавка на средства за хигиена бр.05064/2025;
5. Податоци за просечна нето плата по работник исплатена во месеците август, септември и октомври 2025 година.

3. Број на позитивно одговорени барања: 5

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање: 1
На барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од барателот Град Скопје, Заводот донесе решение за одбивање на барање, бидејќи не располага со бараните податоци. Барањето се однесува за необработени и необјавени статистички податоци од Пописот на населението, 2021 година за кои е потребна дополнителна обработка по утврдена цена, согласно Решението за утврдување на цените на печатени публикации и цените на други статистички продукти што се подготвуваат на барање од корисниците кои не се дел од редовната продукција на статистички податоци.

5. Број на неодговорени барања - нема

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација) – 1

На доставено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од барателот Град Скопје кое се однесуваше за необработени и необјавени статистички податоци, туку податоци за кои е потребна дополнителна обработка, односно се специфични податоци од Пописот на населението, 2021 година за кои требаше дополнителна обработка по утврдена цена, Државниот завод за статистика донесе решение за одбивање на барање бидејќи не располага со бараните информации. Незадоволен од одговорот Град Скопје достави жалба, која АЗПСПИЈК ја уважи и предметот го врати на повторно постапување. Заводот постапувајќи по решението, донесе ново решение исто така за одбивање на барање, на кое барателот Град Скопје повторно достави жалба. По произнесување по жалбата од страна на Заводот, АЗПСПИЈК донесе ново решение за одбивање на жалбата од Град Скопје како неоснована и потврдување на решението на Заводот.

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата - 1

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата - нема

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање - нема

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање – нема.

**Забелешка:** Во Државниот завод за статистика добиени се и одговорени неколку стотини барања за статистички податоци, за кои е надлежно Одделението за информирање во Секторот за дисеминација

Државен завод за статистика
Директор
д-р Дејан Станков

Службени лица за посредување со информации од јавен карактер:
- Кристина Рочевска
- Ана Антоновска